
ОПШТИНА
ДЕБРЦА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА ДЕБРЦА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани жители на Дебрца, драги мои соселани и пријатели,

Пред вас стои програма која не е само политички документ, туку е наш заеднички завет за иднината. Таа е плод на безброј разговори со вас, на вашите маки, потреби и надежи, и на нашата заедничка визија за просперитетна и горда Дебрца. Ова не е список на празни ветувања, туку е реален и остварлив план кој ќе го спроведеме заедно, со чесна работа, посветеност и одговорност кон секој од вас.
Во изминативе години, сите бевме сведоци на стагнација, на пропуштени шанси и на занемарување на основните потреби на нашите села и нашите луѓе. Време е да ставиме крај на тоа. Време е Дебрца да го заземе местото кое историски и природно ѝ припаѓа – да биде општина со развиена инфраструктура, силно и модерно земјоделство, атрактивен туризам и, најважно од сè, општина во која нашите деца ќе ја гледаат својата иднина, ќе останат да работат и ќе создаваат свои семејства.
Како ваш сограѓанин, кој го дели секојдневието со вас, одлично ги познавам проблемите кои нè тиштат – од лошите и дотраени патишта, проблемите со водоснабдувањето кои се провлекуваат со децении, до недостатокот на системска поддршка за нашите вредни земјоделци и недостигот на можности за младите. Токму затоа, оваа програма нуди конкретни, реални и финансиски одржливи проекти. Проекти за секое населено место, за секој човек, за секое семејство.
Со силна поддршка од Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и со вашата драгоцена доверба, гарантирам дека ќе работиме неуморно за да ја направиме Дебрца место за горд и достоинствен живот. Заедно сме силата која ќе ги донесе неопходните промени. Заедно ќе создадеме нова, светла иднина за Дебрца!

Со почит,
Златко Силјаноски,
Вашиот кандидат за градоначалник на
Општина Дебрца

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Иван Стрезоски – носител на советничка листа
2. Никола Секулоски
3. Жаклина Дичоска
4. Дарко Јордески
5. Марјан Лошкоски
6. Елена Наумоска
7. Анамарија Јолеска
8. Наташа Петреска
9. Стојан Дукоски



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

Нашата визија е јасна: Дебрца како модерна, развиена и посакувана општина за живот. Овие клучни проекти се столбот на нашите заложби и гаранција за промените што доаѓаат.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ДОСТАПНА 24/7:

Отворање на амбуланта со 24-часовно дежурство и опремено амбулантно возило и отворање на минимум една аптека на територија на Општина Дебрца.

## ФОРМИРАЊЕ НА ИНДУСТРИСКА ЗОНА:

Привлекување домашни и странски инвеститори за отворање нови, добро платени работни места.

## ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН ПАЗАР „ПРОИЗВЕДЕНО ВО ДЕБРЦА“:

Модерен пазар за директен пласман на локалните земјоделски производи.

## ЦЕЛОСНО СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ:

Директна инвестиција во младите преку целосно покривање на трошоците за возачки испит за сите матуранти.

## СУБВЕНЦИОНИРАН ЈАВЕН ПРЕВОЗ:

Редовен и достапен превоз за сите, со бесплатни билети за ранливите категории и бесплатна недела за сите граѓани.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СЕМЕЈСТВАТА:

50.000 денари за млади брачни парови, 10.000 денари за секое прваче и 100.000 денари за трето дете.

## МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ЈКПД „ДЕБРЦА“ И ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА:

Вложување во нови возила, опрема и професионален кадар за ефикасни комунални услуги и безбедност.

## ПОДДРШКА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И СТОЧАРСТВОТО:

Отворање подрачна канцеларија на ресорното министерство и обезбедување сигурен откуп и пласман.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Модерната инфраструктура е основа за квалитетен живот и економски развој. Затоа, се обврзуваме на капитални проекти кои со децении беа заборавени, ставајќи ја Дебрца на мапата на развиени општини.

ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА Безбедни, модерни и квалитетни патишта за секое населено место.

## ➤ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТЕН ПРАВЕЦ С. БОТУН – С. БРЕЖАНИ:

Овој патен правец е главната сообраќајна артерија на Општина Дебрца. Во соработка со централната власт, ќе извршиме итна и целосна реконструкција.

## ➤ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КЛУЧНИ ЛОКАЛНИ ПАТНИ ПРАВЦИ:

Целосна реконструкција и асфалтирање на следните патни правци:

- Патен правец с. Требеништа – с. Мислешево
- Патен правец с. Врбјани до клучката со автопатот
- Патен правец Требеништа – Волино – Мешеишта
- Главната сообраќајница низ селата Лактиње - Годивје - Врбјани

## ➤ АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА:

- Целосна реконструкција на патот од м.в. Цер до с. Слатино.
- с. Мешеишта: Целосна реконструкција на главната улица, улицата од споменикот до амбулантата, од црквата „Св. Воскресение Христово“ до пекарницата „Илинче“, од амбулантата до автобуската и асфалтирање на патот до манастирот „Св. Илија“.
- с. Волино: Асфалтирање на патот до игралиштето и Бел мост, уредување на речното корито што поминува низ центарот на селото, асфалтирање на две локални улици.
- с. Оровник: Реконструкција на главната улица, вклучително и партерно уредување и асфалтирање на улицата од „Св. Спас“ до населбата Аеродром.
- с. Песочан: Асфалтирање на главната улица.
- с. Ботун: Реконструкција на речното корито кое поминува низ центарот на селото, до местото викано Кај Казаните, асфалтирање на патче од местото викано Калуѓерка до местото викано Кај Казаните, уредување на просторот во центарот на селото.

- с. Велмеј: Хортикултурно уредување на просторот кај изворите (Исток), уредување на сретселото, дворот пред домот на културата и, по завршување на канализационата мрежа, целосно асфалтирање на сите улици, со банкини и ново улично осветлување.
- с. Ново Село: Асфалтирање на две клучни улици, уредување на просторот во центарот на селото.
- с. Лешани: По завршување на веќе започнатата канализациона мрежа, целосно асфалтирање на сите локални улици вклучувајќи асфалт и до верските објекти („Св. Атанасиј", манастирот „Сите Светии"), тампонирање и проширување на патот од с. Лешани до с. Куратица, со што правиме соединување на две општини – Охрид и Дебрца.
- с. Сошани: Асфалтирање на патот до црквата „Св. Никола".
- с. Оздолени и с. Издеглавје: Асфалтирање на по една клучна улица во двете села.
- с. Злести: Доасфалтирање на две улици, целосна реконструкција од Раштани до центарот на селото.
- с. Климештани: Асфалтирање на главниот пат.
- с. Белчишта: Уредување на дворот пред општинската зграда (во модерен стил), реставрација на фонтаната, бетонирање на речниот канал од сретсело до местото викано Штали (со пешачки патеки, канделабри, клупи и сл.), проширување и тампонирање на патот од местото викано Дабче до с. Оздолени.
- с. Требеништа: Асфалтирање на патот до црквата „Св. Варвара" кај крстот и асфалтирање и осветлување на патот до црквата „Св. Петка".
- Останати села: Асфалтирање на критични делници во с. Требеништа, с. Ботун, с. Грко Поле и с. Горенци.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА МОСТОВИ:

- Санација на постојните и изградба на нови мостови на влезовите и излезите на селата Волино и Белчишта, како и реконструкција на двата моста во с. Мешеишта.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА:

- Сеопфатен проект за реконструкција на сите полски патишта низ Дебрца, вклучително и патот од м.в. Јаорец до Илинска Планина, за да им овозможиме на нашите земјоделци лесен пристап до нивните ниви.



# КОМУНАЛНА И ЈАВНА ИНФРАСТРУКТУРА

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИТЕ КАНАЛИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ:

Ќе ги реконструираме и исчистиме сите постојни канали за наводнување.

## ТРАЈНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО:

Трајно и квалитетно ќе го решиме деценискиот проблем со водоснабдувањето во селата Горенци, Климештани и Лактиње.

## Изградба на нови резервоари за вода во с. Оровник.

## ИЗГРАДБА И ДОВРШУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА:

- Доизградба на веќе започнатиот канализациски систем во с. Лешани.
- Изградба на нова канализација во с. Велмеј и с. Требеништа.
- Мрежите од Лешани и Велмеј ќе се поврзат со заедничка пречистителна станица во с. Грко Поле.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ХИДРАНТНА МРЕЖА ВО ОРОВНИК:

- За зголемена противпожарна безбедност, ќе поставиме хидрантна мрежа долж водоводот во с. Оровник.

## УРЕДУВАЊЕ НА ИЗВОРИТЕ ГОРНО ПОЛЕ ВО ВЕЛМЕЈ:

- Зачувување и уредување на овие значајни извори на пивка вода.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## ФОРМИРАЊЕ НА ИНДУСТРИСКА ЗОНА:

- Ќе формираме нова индустриска зона со целосна инфраструктура за да привлечеме домашни и странски инвеститори.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ЛОКАЛНИОТ БИЗНИС:

- За сите постојни и новоотворени маркети со дејност 47.11 и седиште во Дебрца, обезбедуваме финансиска поддршка од 12.000 денари месечно во првата година од мандатот.
- За изградба на угостителски објекти: Еднократна помош од 200.000 денари за ресторани и 100.000 денари за сместувачки објекти со минимум 10 легла.
- Поддршка за трговија во Мешеишта: Реконструкција на општинскиот објект (стара земјоделска аптека) со цел обезбедување простор за продавница.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Вложувањето во младите е најсигурната инвестиција во иднината на Дебрца. Ќе создадеме најдобри услови за нивен правилен раст, развој и останување во родниот крај.

## ЦЕЛОСНО СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ ЗА МАТУРАНТИ:

- Директна инвестиција во младите преку целосно покривање на трошоците за возачки испит за сите матуранти.

## УЧИЛИШНИ УНИФОРМИ ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ:

- Создаваме средина каде натпреварот е во знаење, а не во облекување.

## МОДЕРНИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШТАТА:

- Целосна реконструкција на сите училишни згради, што вклучува набавка на нови клупи, модерни табли, електронски помагала и инсталација на современи системи за греење и ладење.

## СТИПЕНДИИ И НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ:

- Стипендии за сите редовни ученици и студенти.
- Награди од 10.000 денари и електронски помагала за сите одлични ученици до 9. одделение.
- Бесплатни екскурзии и бесплатен организиран превоз за учество на домашни и меѓународни натпревари.

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

- **Реставрација на автобуските постројки во сите села, модернизација и интеграција со систем со електронска табла за превоз.**
- **Дигитални услуги и дигитална општина (open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот).**



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

- Изградба на нова спортска сала во с. Оровник до училишната зграда.
- Реконструкција на игралиштето за мал фудбал во с. Мешеишта: Целосна реконструкција со тартан-подлога, нови трибини, огради, детски реквизити, отворена теретана и нови кошеви.
- Изградба на игралиште за мал фудбал во с. Песочан.
- Реконструкција на игралиштата за голем фудбал во с. Волино, с. Белчишта, с. Лешани и с. Велмеј.
- Континуирана финансиска помош за сите спортски клубови регистрирани во Дебрца.
- Поголема финансиска поддршка за сите турнири во мал фудбал на територијата на Општина Дебрца.

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО И СТОЧАРСТВО

## ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН МИНИ-ПАЗАР ПОКРАЈ АВТОПАТ:

- Ќе изградиме современ затворен пазар со директен пристап од автопатот, каде локалните производители ќе можат директно да ги продаваат своите производи.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПЛАСМАН ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ:

- Активно ќе работиме на изнаоѓање домашни и странски компании кои ќе вршат откуп по пристојни цени.

## ОТВОРАЊЕ НА ПОДРАЧНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО:

- Ќе отвориме канцеларија од сферата на земјоделството, сточарството, водостопанството и шумарството, каде ќе се нуди едукација и стручна помош, воедно ќе биде и поблизок центар каде оваа категорија граѓани ќе има побрз и едноставен пристап за доставување на потребната документација (набавка на механизација, субвенции и сл.).

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИТЕ КАНАЛИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ:

- Клучна поддршка за модернизација на земјоделството, решавање на проблемот со недостиг на вода до обработливите површини на цела територија на Дебрца. Возобновување на каналите за наводнување, изградба на нови канали и на одредени места изградба на систем за наводнување (со цел поголема помош за земјоделците и овоштарите да можат навремено да ги наводнуваат обработливите површини).

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИТЕ ПОЛСКИ ПАТИШТА:

- Реконструкција на сите полски патишта што водат до обработливите површини на територијата на Општина Дебрца, со цел непречено движење и подобар пристап до обработливите земјишта.

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## ОТВОРАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ТУРИЗАМ:

- Ќе формираме канцеларија за туризам која ќе работи на брендирање на Дебрца како туристичка дестинација.

## ПРОМОЦИЈА НА БЕЛЧИШКО БЛАТО И СЛАТИНСКО ЕЗЕРО:

- Реставрација и расчистување на руинираниот мотел и промоција на овие два бисера како врвни туристички дестинации.

## ПРОЕКТ „ТРЕБЕНИШТА – ЗЛАТНАТА МАСКА“:

- Изградба на модерен визиторски центар во Требеништа со изложбена поставка (реплики, 3D-прикази, мултимедија) и уредување на локалитетот со патеки и инфо-табли.
- Создавање туристички бренд и сувенири „Златна маска Требеништа“ (маски, накит, чаши) со вклучување на локални уметници.

## ПРОЕКТ УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ:

- Еднократна помош од 200.000 денари за ресторани и 100.000 денари за сместувачки објекти со минимум 10 легла.

## ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

- Дебрца има богато културно-историско наследство кое е наш идентитет. Наша обврска е да го негуваме, заштитиме и гордо да го промовираме.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И ВРЕДНУВАЊЕ НА СИТЕ СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА:

- Обнова и уредување на сите споменици од НОБ и АСНОМ на целата територија на Општина Дебрца. Посебен фокус ќе ставиме на уредување на спомен-собата во Црвена Вода во чест на нашиот голем писател Ванчо Николески.

## ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА СПОМЕНИКОТ НА СЛАВЕЈ ПЛАНИНА:

- Реконструкција на споменикот подигнат во чест на формирањето на баталјонот „Мирче Ацев“.

## ИЗГРАДБА НА СПОМЕН-СОБА ВО С. ЛАКТИЊЕ:

- Во чест на великаните Смиле Војданов и Дејан Димитров-Карпата, ќе изградиме спомен-соба која ќе го чува сеќавањето на нивното дело.

## ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА ВО С. БЕЛЧИШТА:

- Враќање на сјајот на традиционалната ликовна колонија, со што Дебрца повторно ќе стане центар за уметничко творештво.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОВИТЕ НА КУЛТУРАТА:

- Ќе ги вратиме во живот центрите на културниот и социјалниот живот. Ќе извршиме целосна реконструкција, санација и опремување на општинските објекти – домовите во с. Мешеишта, с. Оровник, с. Врбјани, с. Лактиње и с. Годивје.

**Враќање на културниот настан „Црешнобер“ во с. Требеништа – целосно покровителство на Општина Дебрца.**

**Враќање на културниот настан „Ноќ на Виното“ во с. Мешеишта.**

**Поддршка на сите културно-уметнички друштва на територијата на Општина Дебрца.**



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА:

- Ќе го опремиме доброволното противпожарно друштво „Ентузијаст“ со најмалку две современи противпожарни возила и ќе обезбедиме континуирана обука и опрема за стручен и професионален кадар.

## ЧИСТА И БЕЗБЕДНА ДЕБРЦА:

- Целосно расчистување на сите диви депонии во општината и воведување строги мерки и систем за контрола за да се спречи нивното повторно создавање.

## Социјалната сигурност и грижата за најранливите се одраз на хуманоста на една заедница. Ние нема да оставиме никого зад себе.

## СУБВЕНЦИОНИРАН И ФУНКЦИОНАЛЕН ЈАВЕН ПРЕВОЗ:

- Воведување редовен и субвенциониран јавен превоз на релација Охрид-Дебрца-Охрид, со посебни поволности:
    - БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ ВО НЕДЕЛА за сите граѓани на Дебрца (почнувајќи од 01.03.2026 година).
    - Седмиот ден од неделата (недела) ќе биде бесплатен превоз од сите населени места на Општина Дебрца кои се обраќаат на релација Охрид-Дебрца-Охрид и обратно, вклучувајќи ги граѓаните на Охрид кои ќе патуваат кон населените места во Општина Дебрца.
    - Бесплатен организиран превоз за културно-уметнички друштва, спортски екипи и пензионери.
    - Бесплатен билет за примателите на социјална помош и семејства кои имаат лица со попреченост.
    - Бесплатен превоз за студенти и средношколци за време на викендите.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СЕМЕЈСТВАТА:

- 50.000 денари еднократна помош за млади брачни парови до 30 години.
- 10.000 денари еднократна помош за секое запишано прваче.
- 100.000 денари еднократна помош за трето дете.
- 100.000 денари помош и ослободување од комуналии за изградба на семејна куќа за жители на Дебрца.

## СУБВЕНЦИИ ЗА НАБАВКА НА ОГРЕВНО ДРВО:

- Еднократна помош од 10.000 денари за набавка на огревно дрво за социјално загрозени семејства со месечни примања под 18.000 денари.
- Здравјето и безбедноста на граѓаните се наш врвен приоритет. Ќе обезбедиме услуги кои се основни за достоинствен и мирен живот.

## ОТВОРАЊЕ НА АМБУЛАНТА СО 24/7 ДЕЖУРСТВО:

- Воспоставување пункт за итна медицинска помош со стручен тим од доктор, медицинска сестра и опремено амбулантно возило, достапен 24 часа за сите жители на Дебрца.

## ОТВОРАЊЕ НА АПТЕКА ВО ДЕБРЦА:

- Ќе создадеме услови и ќе понудиме стимулации за отворање на најмалку една аптека на соодветна локација во општината.

ВМРО-ДПМНЕ